# ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПРИМЕНАТА НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТНИОТ РИЗИК

Регулативата за управување со кредитниот ризик ги опфаќа Одлуката за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13 и 157/13) и Упатството за спроведување на Одлуката за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/13).

## II. Портфолио на кредити

1. **Прашање:**

Дали банката, при пресметката на просечната загуба, треба да го вклучи целиот износ на изложеноста (главница, камата, провизија) или може да вклучи само еден нејзин дел (пр. само главницата)?

**Одговор:**

Банката може да избере во пресметката да го вклучи само главниот долг (главницата), без да ги земе предвид останатите делови од изложеноста (камата, провизија и слично), но тоа треба да го пропише во своите интерни акти и да го применува на ист начин за сите изложености. Тоа би значело и соодветно приспособување на износот на ненаплатениот, односно наплатениот дел, во кој би требало да биде вклучен само оној дел којшто се однесува на главницата. На пр., доколку банката затворила одредено побарување (и главница и камата) со продажба на обезбедувањето што го имала за тоа побарување, при што постигнатата продажна цена за обезбедувањето е пониска од износот на целото побарување, во утврдувањето на ненаплатениот дел не може да го земе предвид оној дел од добиениот износ од продажбата којшто е искористен за затворање на каматата.